**ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С К О П Ј Е**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЕНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ НА РМ

## ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, 10. 01. 2020 година**

**Врз основа на член 17 точка 3 и член 41 од Статутот на ЗВП НА РМ – Пречистен текст од 2016 година, Собранието на Здружението на Седницата одржана на 10.01. 2020 година, донесе**

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЕНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ НА РМ ВО 2020 ГОДИНА**

## I ВОВЕД

Во Програмата се опфатени содржини со кои се остваруваат целите и дејностите на Здружението на Воените пензионери на Република Македонија ( ЗВП на РМ ) во сите области на дејствување предвидени со Статутот на ЗВП на РМ и актуелните состојби, потреби и интереси на членството.

При дефинирањето на програмата, покрај наведените содржини во претходниот став, се поаѓа и од реалните можности на Здружението од аспект на старосната структура на членството кое е во просек за повеќе од 90% од членовите над 85 години, како и од недостатокот на сопствен простор за сместување, функционирање и спроведување на активностите, состојби за чие подобрување, скоро да не постојат реални основи и надежи во близок период, пред се поради, за нас несфатливото индолентно однесување на надлежните органи.

Програмата претставува основа за изработка на плановите за работа на органите и телата, а дел од задачите се повторуваат и надоврзуваат на претходната година, како континуитет во работата и дејствувањето на Здружението. За поефикасно спроведување на задачите од оваа Програма, ќе се изработуваат оперативни планови и програми и донесуваат соодветни одлуки.

Поради наведеното и понатаму останува обврската на членовите на сите органи и тела во Здружението, со својата посветеност во извршувањето на задачите да изнаоѓаат можности за максимално успешно остварување на содржините на Програмата.

## II АКТИВНОСТИ

1. Спроведување постапка за Измени и дополни на Статутот на ЗВП на РМ – Пречистен текст од 20.10.2016 година, ради негово усогласување со реалните состојби, од аспект на територијалниот простор на делување, немањето простории за сместување и функционирање, како и високата старосна структура на членството, без реални изгледи за нивно разрешување. ( Време: Прва половина на 2020 година).
2. Спроведување поединечно анкетирање на сите членови на ЗВП на РМ, со цел стекнување увид во социјалната и здравствената состојба на членовите, утврдување на нивните потреби, интереси и можности и врз основа на тоа, планирање реални мерки и активности во програмите и плановите на органите и телата во Здружението за помош во разрешувањето на проблемите и задоволување на нивните потреби и интереси, според можностите.(Време: Во текот на Второто полугодие).
3. Решавање или барем ублажување на проблемот со просторното сместување на Здружението и Ограноците и создавањето подобри услови за работа и дејствување. Оваа активност и оваа година претставува основна задача и приоритет во работата на раководството на ЗВП, со помош од Министерството за одбрана, Генералштабот на АРМ, СЗПМ, Градскиот сојуз на ЗП, Скопските здруженија на пензионери и органите на локалната самоуправа. (Време: – Постојана задача).

4. Во текот на 2020 година Раководството на ЗВП ќе продолжи со, по осмислена и ефикасна активност во оспособувањето на избраните и пронаоѓање физички здрави и способни членови, за пополнување на органите и телата на Здружението и за обезбедување успешна реализација на планираните активности и остварување на пропишаните цели и дејности. Унапредување на организираноста и дејствувањето на Одборите во Ограноците и Активот на пензионерки и на Комисиите, во извршувањето на своите Статутарни надлежности, особено, во познавањето на состојбата, потребите, интересите и можностите на своето членство, нивното информирање, а со тоа и обезбедување нивно помасовно вклучување во реализацијата на планираните активности и остварувањето на своите права. (Време: – Поинтензивно во Првото полугодие, а понатаму континуирано.)
5. Продолжување и интензивирање на започнатата активност во зачленувањето на пензионираните старешини од АРМ во ЗВП на РМ, како еден од основните услови за натамошно постоење и успешно функционирање на Здружението. (Време:– постојана задача)
6. Во 2020 година, покрај ограничените можности за изнаоѓање, здравствено и физички способни членови, тежиштето во спроведувањето на задачите и активностите, ќе се даде на волонтерското и доброволното ангажирање во вршењето на работите и задачите во органите и телата на Здружението, кое се уште не е доволно развиено и заживеано, особено во организацијата и реализацијата на солидарно хуманитарните активност, спортските, културно забавните и рекреативните активности, усогласувајќи ги активностите со способностите, интересот и афинитетите на ангажираните членови на Здружението. (Време: - во текот на годината).
7. Остварување на правата од ПИО и квалитетна здравствена, социјална заштита и помош на членството. Оваа задача ќе се спроведува во текот на целата година, со следните активности:

   А). Следење и поддршка на активностите за заштита на стекнатите права од ПИО и нивно унапредување, преку информирање од страна на СЗПМ и медиумите и навремено запознавање на членството со настанатите промени во Законот од интерес за остварувањето на правата (информирање во врска со редовната исплата, усогласувањата на пензиите, запознавање со сите поволности за членството по сите основи и слично).

   Б). Спроведување активности од областа на социјалната и здравствената заштита, особено со организирање превентивни здравствени прегледи, посета на болни, немоќни и материјално финансиски загрозени членови на Здружението од страна на Комисијата за ЗСЗ и со активисти од Активот на пензионерки и ограноците, давање и предлагање мерки за соодветна помош.

   В).Организирање предавања во врска со исхраната, контролата на крвниот притисок и шеќерот во крвта и присуство на наши членови на слични предавања организирани од страна на Црвениот крст на РМ и на други соодветни организации.

   Г). Организирање и учество во хуманитарни акции и помош на членовите од секаков вид вклучување на АП со повеќе активистки - волонтери и давање придонес кон остварување на Проектот „Пензионер – волонтер", чија основна препорака е дружење, рекреирање, взаемно помагање и меѓугенерациска соработка и солидарност, заради обезбедување спокојна и достоинствена старост.

   Д). Учество на погреби и помени на починати членови на ЗВП на РМ и други значајни историски личности соработници на Здружението.

8. **СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ:**

А) - Здружението во 2020 година ќе учествува на 25-те регионални (април-мај) и републички (септември) спортски игри на пензионери во дисциплините, согласно можностите и афинитетите на членството.

- Подготовките за учество треба да почнат во март, а изборот да се изврши во втората половина на април 2020 година на организирани спортски натпревари помеѓу ограноците по сите дисциплини во кои се планира учество во регионалните игри, како што се: шах, домино, табла, пикадо, скок од место, шутирање топка на мал гол и слободно фрлање топка во кош.

- За таа цел Комисијата за спорт и рекреација ќе изготви оперативен план со определување на дисциплините, пропозициите и времето на одржување на спортските натпревари меѓу ограноците.

- Од најдобрите натпреварувачи по дисциплини, кои ќе ги исполнат пропишаните услови - критериуми од Комисијата, ќе се формираат екипи, кои по Одлука на ИО ќе учествуваат на Регионалните, а по можност и на Републичките спортски игри. Нивната подготовка треба да биде навреме организирана, со користење на сите можни услови и простори во градот.

Б) - Учество на Шаховски турнири: - По повод 13 Ноември, во организација на СЗП на град Скопје, - и во месец Октомври, во организација на ЗП Чаир – Скопје.

В) - Според можностите, организација и учество на спортски натпревари со други ЗП во градот и Републиката;

Г) - Организација на сопствени игри и натпревари, поединечни и меѓу Ограноците, по разни поводи, интерес и потреби.

9. **КУЛТУРНО ЗАБАВНИ АКТИВНОСТИ И ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ:**

**1.** ЗВП НА РМ во 2020 година треба да изнајде можност за учество на 18-те регионални и 9-та републичка ревија на песни, музика и игри на пензионери со поквалитетна и помасовна програма. (време : мај – јуни).

- Комисијата за Културно забавни активности (КЗА) во соработка со Активот на Пензионерки и Ограноците, благовремено – до 1 март 2020 година, ќе ги процени можностите и ќе преземе мерки:

- за пронаоѓање членови за формирање фолклорна и пејачка група и солисти со одредени особени способности и афинитети;

- за ангажирање на музички состав, по потреба кореограф и диригент;

- за обезбедување соодветна гардероба за фолклор пегрупа; и

- за изработка на ориентирна Програма и план за подготовка за настап.

2.-Оганизирање на сопствени и учество на забави и другарувања на пензионери, организирани од ЗП во градот Скопје и Републиката, по разни поводи: - 8-ми Март; - Ден на Пензионерското организирање – 20-ти септември; - Ден на ЗВП на РМ-10-ти декември; - Нова година; - по повод на Државни и Верски празници и други поводи во интерес на членовите на Здружението. (Време: - Во текот на годината).

3.- Организирање заеднички културно забавни и други салонски забави и другарувања со пензионерски други и здруженија и организации, а особено со оние со кои ЗВП има воспоставено по блиска соработка, како што се: Куманово, Велес, Гостивар, Тетово и Скопските ЗП. (Време: - Во текот на годината).

4.- Во текот на годината за членовите на Здружението, ќе се планира посета на театарски претстави, според сопствениот и планот на СЗП, а по потреба и можности ќе се планираат и спроведат, посети на ликовни изложби, музеи, поетски

средби и други културно-уметнички манифестации. Носители на некои од овие активности треба да бидат и Ограноците.

5.- Учество на Свечености и други јавни манифестации за одбележување на датуми
и настани од интерес за Републиката.

**10. ОРГАНИЗИРАЊЕ ИЗЛЕТИ, ЕКСКУРЗИИ, ПЕНЗИОНЕРСКИ СРЕДБИ ВО ПРИРОДА И ПОСЕТИ НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ МЕСТА И ЗНАМЕНИТОСТИ**

Комисијата за спорт и рекреација и Активот на пензионерки (АП), врз основа на интересот на членството, во координација со раководствата на ограноците и ИО ќе планира:

1.- Четири до пет еднодневни излети во внатрешноста на Републиката, можни: (посета на опсерваториумот Кокино, манастирот Зрзе, Гевгелија (Смрдлива Вода, Скијачки центар), Богомила со Нежилово, Берово, Пехчево) и други културно-историски места, споменици, природни и урбани убавини, во Републиката, зависно од интересот и можностите);

2.- Два до три излети на зелено во поблиската околина на Скопје;

3.- Самостојно или во соработка со некое од општинските пензионерски здруженија да се разгледа можноста за планирање и реализирање еднодневна или дводневна екскурзија во некоја од соседните држави ( Р. Србија, Р. Бугарија, Р. Албанија).

4.- Учество на некои од традиционалните заеднички пензионерски средби и дружења кои се организираат од Здруженијата на пензионери од Републиката, во рамките на СЗПМ, како што се :

а) Пикник пензионерски средби во:

1. Стар Дојран - отворање на туристичката сезона – крај на јуни
2. Средба на Еленец со збогатени содржини - ЗП Македонска Каменица - јуни
3. Пикник на Ораовица - ЗП Радовиш и Конче – половина на јули
4. Средба кај манастирот Пантелеј - ЗП Кочани – половина на август
5. Пикник кај Пелинце - ЗП Куманово – средина на август
6. Традиционално дружење во Лесново - ЗП Пробиштип – септември (19-20)
7. Средба во Сарај - Скопје - ЗП Сарај и ЗП Ѓорче Петров – почеток на август

б) Салонски средби и дружења:

Блакцата на баба, ЗП Велес – февруари; 2. Зелникот на баба – ЗП Пробиштип со (хуманитарен карактер) – крај на Март. 3. Томина недела, ЗП Виница – Св. Тома – Април, 4.Митровденска средба - ЗП Кавадарци – Митровден; 5. 11. Октомври - ЗП Прилеп; 6. Мултиетничка средба - ЗП Тетово – Јуни; 7. Музичко забавна средба на пензионери ЗП Куманово – Октомври; 8. Пензионерска вечер, ЗП Гостивар – Ноември, и други пригодни манифестации.

**11. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, СОЈУЗИ И ОРГАНИЗАЦИИ:**

**1.-** ЗВП на РМ во текот на 2020 година, со непосредна соработка и учество на свои претставници во работата на органите и телата на СЗПМ ќе се запознава со сите новини што се преземаат за подобрување на пензионерскиот живот и редовно ќе го информира членството.

2.- ЗВП ќе соработува и со Одборот на регистрирана организација за членарина и солидарни средства при СЗПМ, преку кој ќе се следи бројната состојба на здружението, евидентираноста на новите членови, уплатата на членарината, како и можностите за негово натамошно омасовување и подмладување.

- До ОРО, ИО на ЗВП, ќе достави барање за измена на Одлуката од 2011 година, со која се регулира распоредувањето на членството по Здруженија и во заедничка

соработка преку Заводот за ПИОМ, да се изнајде начин за воведување соодветна ознака пред пензискиот број за пензионираните лица од областа на одбраната и нивно распоредување во ЗВП на РМ.

3.- Здружението ќе ја унапреди вкупната соработката со ЗП од Градскиот сојуз, особено на планот на давањето на исписници на пензионираните старешини од АРМ и со други ЗП и организации од градот и Републиката, со слична проблематика и ќе настојува да создаде услови за што поуспешна соработка и солидарност по сите прашања од пензионерскиот живот.

4.- ЗВП на РМ особено ќе ја интензивира соработката со: Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ, особено во поглед на обезбедувањето простории во Домот на АРМ, или други соодветни објекти, за сместување и работа на Здружението.

Неопходно е уште во јануари да се обнови барањето до Министерството за одбрана за обезбедување соодветен простор во Домот на Армијата, со барање прием кај Министерката за Одбрана. (Време: - Јануари).

**12. АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА.**

Поаѓајки од се поголемото значење на заштитата на животната средина, членовите на Здружението ќе се едуцираат и постојано насочуваат за преземање еколошки мерки, во сопствената околина, како и за учество во организираните активности од страна на други субјекти во градот и Републиката. (Време: - Во текот на годината).

**13. РАЗВИВАЊЕ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ОРГАНИЗИРАНИ СУБЈЕКТИ.**

Волонтерството во Здружението е се уште на ниско ниво, затоа треба постојано да се промовира, организира и имплементира во сите активности и од сите членови. Треба да се надмине чувството, дека секоја активност треба да биде на одреден начин платена. Во оваа година треба да се унапреди волонтерската работа, особено во спроведувањето на солидарните и хуманитарните активности, о страна на секој поединец и колективитет во нашето Здружение. (Време: - Во текот на годината).

**14. ИНФОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ.**

**1.-** Редовно информирање на членовите на Здружението ќе вршат претседателите на ограноците, кои навремено ќе го запознаваат членството со работата на Извршниот одбор и другите органи и тела на здружението, донесените одлуки, заклучоци и други активности.

2. Унапредување на доставата до ограноците и комисиите и обезбедување поголема достапност до членовите на пензионерските списанија.

3.- За пошироко информирање на членството на здружението, како и на пошироката јавност во Република Македонија за работата и активностите на здружението ќе се користат електронските и пишани медиуми, со написи и интервјуа на раководните лица и другите членови на здружението, особено весникот “Пензионер плус” и “Пензионерски видици” во “Нова Македонија”, кои треба по организирано и редовно да се доставуваат до членството на користење.

4.- Ќе се испита можноста за опремување со информатичка опрема, воведување интернет и ставање на ЗВП на ВЕБ-страницата на СЗПМ, поради воспоставување квалитетна врска со СЗПМ и некои од другите здруженија и сојузи, како и со медиумите.

## III. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Програмските цели и задачи зацртани во Програмата на Здружението на Воените пензионери на РМ во 2020 година ќе бидат реализирани преку плановите за работа на Органите и телата на Здружението и Одлуките на ИО на ЗВП на РМ.

Надзорниот одбор на ЗВП континуирано ќе го следи материјално финансиското работење на ЗВП, 6 – месечно и годишно ќе врши надзор на МФР и спроведувањето на Законските и
Статутарните одредби во работата на органите и телата на ЗВП на РМ и за наодите ќе го известува ИО и Собранието.

- Врз основа на планираните активности во Програмата, се обврзуваат Претседателите на органите, Ограноците, Активот на пензионерки и Комисиите, да изготват годишни оперативни планови за работа со определување на активностите по месеци, место, носители, соработници, учесници, потребни финансиски средства, а по потреба и друго. Плановите ги одобрува Претседателот на Извршниот одбор по предлог на Секретарот на ИО на ЗВП на РМ.

- Реализацијата на Програмата за работа ја организира, подготвува, координира, контролира и финансиски и материјално обезбедува Извршниот Одбор на ЗВП на РМ, со ангажирање и насочување на Претседателите на Ограноците, АП и Комисиите за целосна и успешна нејзина реализација.

- За таа цел ИО на ЗВП на РМ, на своите Седници, кои ќе се одржуваат, најмалку двомесечно, благовремено, со Одлуки ќе ги регулира подготовките и реализацијата на планираните активности и задачи, а со непосредно ангажирање на своите членови постојано ќе придонесува за нивното целосно остварување.

- На поединци, формираните тела и органи, кои континуирано се ангажираат и даваат значителен придонес во остварувањето на Програмските активности на Здружението, ќе им се доделуваат соодветни признанија, награди и поволности.

- Во Финансискиот план на ЗВП на РМ за 2020 година, да се планираат потребните финансиски средства за остварување на програмските активности на Здружението**.**

Програмата на Здружението на ВОЕНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ на РМ е отворена и во текот на годината ќе биде надополнувана во зависност од настаните и потребите.

Изработено во 25 примероци и доставено до: - Архива, - Благајна, - Елаборат на Седницата на ИО и Собранието, - Секретар,- членовите на ИО, - Претседателот на НО, на Ограноците = 2, АП, на Комисиите при ИО = 3, - 10 на членови на Собранието и - на ИО на СЗПМ.

**ЕМ / ЕМ**

**СКОПЈЕ**
**10.01.2020 ГОД.**

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО НА ЗВП НА РМ**
**Добре Ефремовски**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗВП НА РМ**
**ЃОРЃИ ЗАРИНСКИ**